# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ


| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Четврток Мај 2023 година Број 9/2023 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|


Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 40 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр. 05/02), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Радовиш (Сл. гласник на општина Радовиш бр. 05/02), и врз основа на член 53 и член 55 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш, Претседателот на Советот на општина Радовиш, свикува итна седница на Совет на ден 17.05.2023 год. во 15:00 часот:

Образложение

Итна 29 седница се свикува со цел донесување на Одлука за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна и тридневна екскурзија на учениците од трето и деветто одделение за учебната 2022/2023 година при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица, Радовиш.

Во доставено барање за добивање согласност од страна на директорот на ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица, Радовиш е образложено дека задоцнетото доставување на Програмите за изведување на екскурзии за учебната 2022/2023 година е со причина што училиштето навремено има доставено барање за добивање на позитивно мислење од страна на Бирото за образование но поради донесена одлука од страна на родителите на учениците во шесто одделение за неизведување на екскурзија, училиштето повторно доставува образложение за промена на барањето.

Потребата за донесување Одлука за давање согласност од страна на Советот на Општина Радовиш во најкраток можен рок е од голема важност поради краткиот временски рок за организирање и изведување на екскурзиите кои треба да се одржат најдоцна до завршувањето на полугодието.

Број 08-875/2
Дата 15.05.2023 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

## Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 29-та седница на Советот на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за прогласување итност на 29-та седница на Советот на Општина Радовиш, бр.08-895/1,

што ја донесе советот на Општина Радовиш на седница одржана на 17.05.2023 година

Број 09-895/2
Дата 17.05.2023 г.
Радовиш

Градоначалник на Општина Радовиш
Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 53 од Деловникот за работа ,

Советот на општина Радовиш на итна XXIX седница одржана на 17.05.2023 година, донесе

О Д Л У К А
за прогласување итност на 29-та седница на Советот на Општина Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 29-та седница на Советот на Општина Радовиш одржана на 17.05.2023 година со цел донесување на Одлука за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна и тридневна екскурзија за учебната 2022/2023 година на учениците од трето и деветто одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица, Радовиш.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-895/1 Совет на општина
Дата 17.05.2023 г. Радовиш
Радовиш Претседател
Моника Трајанова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна и тридневна екскурзија за учебната 2022/2023 година на учениците од трето и деветто одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица, Радовиш

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна и тридневна екскурзија за учебната 2022/2023 година на учениците од трето и деветто одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица, Радовиш, бр.08-896/1,

што ја донесе советот на Општина Радовиш на седница одржана на 17.05.2023 година

Број 09-896/2 Градоначалник
Дата 17.05.2023 г. на Општина Радовиш
Радовиш Ацо Ристов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на XXIX итна седница одржана на 17.05.2023 година донесе:

О Д Л У К А
за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна и тридневна екскурзија за учебната 2022/2023 година на учениците од трето и деветто одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица, Радовиш

член 1

Се давање согласност на Програми за изведување на еднодневна и тридневна екскурзија за учебната 2022/2023 година на учениците од трето и деветто одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица, Радовиш бр. 01-63/1 од 16.03.2023 год., 01-63/2 од 16.03.2023 година.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-896/1
Дата 17.05.2023 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Моника Трајанова с.р.

**ИСПРАВКА:**
на Одлука за измена на Одлука бр. 08-634/1 од 29.03.2022 година за распределба на финансиски средства здруженија на граѓани од областа на културата, број 08-805/1 од 27.04.2023 година.

Поради техничка грешка се врши ИСПРАВКА во член 2, точка 8 од табелата во делот на измена на одобрени средства каде наместо 20.000 денари треба да стои 0 денари.

Општина Радовиш
Сектор за нормативно-правни, јавни дејности и општи работи
Раководител
Весна Конзулова

Содржина:
- Образложение---------------------------------1
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 29-та седница на Советот на Општина Радовиш------------------------------------------1
- Одлука за прогласување итност на 29-та седница на Советот на Општина Радовиш
-----------------------------------------------------2
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна и тридневна екскурзија за учебната 2022/2023 година на учениците од трето и деветто одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица, Радовиш--------------2
-Одлука за давање согласност на Програми за изведување на еднодневна и тридневна екскурзија за учебната 2022/2023 година на учениците од трето и деветто одделение при ООУ „Кирил и Методиј" с.Ораовица, Радовиш--------------2
-**ИСПРАВКА** на Одлука за измена на Одлука бр. 08-634/1 од 29.03.2022 година за распределба на финансиски средства здруженија на граѓани од областа на културата, број 08-805/1 од 27.04.2023 година-------------------------------------------3